ОДУ.бр.279/22

Република Северна Македонија

**Н О Т А Р**

**НАДА ПАЛИЌ**

**за подрачјето на основните судови на градот Скопје**

**ул."Пролет" број 35А Скопје**

**31.05.2022**

**З А П И С Н И К**

**од Редовна годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35 А Скопје
2022.05.31
11:00(единаесет)часот

**ОДУ.бр.279/22**

**ИЗВОД**

# НОТАРСКИ АКТ

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаи дваесетивтора година, месец мај, ден триесетипрви на писмено Барање за присуство на Редовна годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, во својство на записничар, заведено под арх.бр.0306/2468-1/2022 од 06.05.2022 година, кое е прилог на овој записник, присуствувам на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, закажана за ден 31.05.2022 (ден триесетипрви, месец мај, две илјадитаидваесетивтора) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ул."Максим Горки" број 6 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди одлуки на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, го сочинив следниот------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------ **З А П И С Н И К** ------------------------------------------------

---------------**од Редовна годишна седница на Собрание на акционери на**---------------

------------------------- **УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје** -------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на Редовната годишна седница на Собрание на акционери утврдив УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје, ЕМБС 4646088, со седиште на ул. "Максим Горки" број 6 Скопје е запишана во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија, видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/ 150020220139894 од 31.5.2022 година, која е прилог на овој записник.--------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на Потврда издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје под број 08-2175/2 од 30.05.2022 година, која е прилог на овој записник издадена е Акционерската книга на банката на ден 30.05.2022 година во 12:48:01 часот од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води со ISIN MKBLBA101011 утврдив дека Издавачот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 МКД (илјададенари), со вкупен број на ХВ: 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветстотиниосумдесетиседум),со вкупен номинален капитал од 545.987.000,00 МКД (петстотиничетириесетипетмилиониндеветстотиниосумдесетиседум илјадиденари), број на гласови 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветстотини осумдесетиседум), состојба-активен, број на иматели 323 (тристотиниидваесетитри), со број на сопственички позиции 329 (тристотинидваесетидевет), која е прилог на овој записник.-----

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во акционерска книга, утврдив дека акционери на банката се правни лица и физички лица.------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Редовната годишна седница на Собрание на акционери е свикана, врз основа на Одлука донесена од страна на Надзориот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ден 29.04.2022 година, заведена под број 0203/6-10/2022 од 29.04.2022 година, која е прилог на овој записник, со јавен ПОВИК за учество на 30-та Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а кој е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 30 април-02 мај 2022 година, а во кој е објавен Дневниот ред на Редовната годишна седница на Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник.----------------------------------------------------------------------------------------

Исто така утврдив дека присутни акционери на денешната Редовна годишна седница на собрание на акционери се: ---------------------------------------------------------------------

**1.За Цеко Тодоров Минев** од Софија-Р.Бугарија - **полномошник Марина Николова-Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2141035 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1302979495013, со заверено полномошно кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.3052 од 11.05.2022 година, кое е прилог на овој записник.---------------------------------

**2.За Ивајло Димитров Мутафчиев** од Софија-Р.Бугарија- **полномошник Марина Николова - Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2141035 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1302979495013, со заверено полномошно кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.3051 од 11.05.2022 година, кое е прилог на овој записник. ----------------

**3.За АД за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**, ЕМБС 4053222 - **полномошник Дарко Стојков**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1656292 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1711976450067, со полномошно од 31.05.2022 година, кое е прилог на овој записник.----------

**4.Дарко Стојков**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1656292 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1711976450067.--------------------------------------------------------------------

**5.За Сава Пензиско друштво АД Скопје,** ЕМБС 5989434 кое управува со акционерите-------
**5.1.Отворен задолжотелен пензиски фонд Сава пензиски фонд** и------------------------------
**5.2.Отворен доборовolen пензиски фонд Сава пензија плус,**-----------------------------------
**полномошник Васко Богдановски,** чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1801634 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1401985410044, со полномошно заведено под арх.бр.03-1117/1 од 30.05.2022 година/електорнски издадена исправа/, кое е прилог на овој записник.

**6.Гоце Маркоски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2004924 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 2108982440001.-------------------------------------------------------------------------

**7.Игор Мишевски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2172269 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1209979423012.---------------------------------------------------------------------

**8.Благој Митров**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број М0149854 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 0301960493001.---------------------------------------------------------------------

**9.Александар Талимџиоски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1988468 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1706981440025.----------------------------------------------------

кои акционери поседуваат вкупно **441.051 акции со право на глас** што претставуваат 80,78% од вкупниот број 545.984 акции со право на глас, согласно акционерската книга на----

Банката која е издадена 48 часа пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери, што значи дека се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно квалификувано мнозинство, така што оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери има кворум и може да одлучува по сите точки од предложениот дневен ред, по што го потпишаа Списокот за седница на собрание на акционери на ден 31.05.2022, кој е прилог на овој записник со што го верификуваа своето присуство (верификувани учесници на Собранието), а кој Список за седница на собрание на акционери на ден 31.05.2022, со свој потпис ќе го заверат Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери и Нотарот како записничар.-------------------------------------------

Редовната годишна седница на Собрание на акционери започна во 11:11 часот (единаесет часотиединаесетминути) и ја отвори Претседавачот на претходната Редовна годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, која најпрвин ги поздрави акционерите и присутните на оваа седница и тоа Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје, Г-дин Робертино Николоски-Главен директор за контрола на усогласеност со прописи и Г-дин Ѕвонко Станковски-Директор на трежри, се заблагодари на нивното присуство и констатира дека јавниот Повик на Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Банката е уредно објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 30 април-02 мај 2022 година и на веб страната на Банката, согласно член 388-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр.42 од 26.03.2010 год.), со што материјалите уредно беа ставени на располагање и достапни на акционерите.-------------------------------------------

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија истакна дека акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција нема.-------------------------------------------

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, го предложи на усвојување следниот-------------------------------------------

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**I.Процедурален дел**-------------------------------------------

**1.Отварање на Собранието**;-------------------------------------------
**2.Избор на работни тела на собранието**:-------------------------------------------
**-избор на Претседавач на Собранието**;-------------------------------------------
**-избор на бројач на гласови**;-------------------------------------------
**-избор на записничар**.-------------------------------------------

**II.Работен дел**-------------------------------------------

**1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот**;-------------------------------------------

**2.Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот**;-------------------------------------------

**3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, со Предлог Одлука за усвојување**;-------------------------------------------

**4.Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**;-----------------------------------------------------

**5.Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор**;-------

**6.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година**;---------------

**7.Предлог Одлука за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница.**------------

**8.Предлог Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда**.---

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија праша дали некој се јавува за дискусија и како никој не се јави, вака предложениот Дневен ред, го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложениот Дневен ред едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------

Се премина на **Процедуралниот дел од Дневниот ред.**----------------------------------------

**1.Отварање на Собранието.**---------------------------------------------------------------------

Со оглед дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија премина на втората точка од процедуралниот Дневен ред **Избор на работни тела на собранието** и тоа:------------------------

**- избор на Претседавач на Собранието.**-----------------------------------------------------

Претседавачот на претходната Годишна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија истакна дека со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, па лично се предложи за Претседавач на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери како полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------

Се констатира дека за **Претседавач на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери** е избрана едногласно **Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија**.--------------------------------------------------

Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери се заблагодари за довербата и премина на **Избор на бројач на гласови.** За бројач на гласови го предложи Ѕвонко Станковски-Директор на трежри. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за Бројач на гласови е избран Ѕвонко Станковски-Директор на трежри, по што истиот поднесе Извештај од бројач на гласови на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од 31.05.2022 година, кој е прилог на овој записник и констатира дека на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери присутни се: лично акционери и полномошници на акционери со уредни овластувања за застапување, иматели на обични акции со право на глас кои поседуваат вкупно поседуваат вкупно 441.051 **акции со право на глас** што претставуваат **80,78%** од вкупниот број 545.984 акции со право на глас, согласно акционерската книга на Банката која е издадена 48 часа пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери, со забелешка дека 3(три) се обични акции, без право на глас од акционерот Кен АД Куманово во стечај, така што согласно член 393 став (1) од Законот за трговски друштва и одредбите од Законот за банки, Собранието на акционери има кворум за работа и одлучување.---------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери премина на **Избор на записничар**, па истакна дека согласно член 383 став 3 од Законот за трговски друштва, ако Собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, така што за записничар на денешната Редовна годишна седница на собрание на акционери е определена Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа Редовната годишна седница на Собрание на акционери. Како никој не стави забелешки Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за записничар е избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје.---------

---

Откако Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека процедуралниот дел од Дневниот ред е исцрпен се премина на **Работниот дел од Дневниот ред**:------------------------------------------------------------------------------------------

---

точка **1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот**.---------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Годишниот Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, со писмено Мислење по истиот од страна на Надзорен одбор од 29.04.2022 година, кои се прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. За збор се јави Дарко Стојков-полномошник на акционерот АД за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, која прашање дали во годишниот извештај податоците се земени за цела година или параметрите се земени до 30.09.2021 година, да не се работи за техничка грешка, па така на страна шест од извештајот податокот за адекватноста на капиталот на банката е 17.3%, дали тој податок е со пресек 30.09.2021 година или е за цела година. На ова прашање одговор даде Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје, кој истакна дека 30.09.2021 година е земен како пресечен датум и тоа е на ниво на банкарскиот ситем, а податоците за банката се со крајниот датум согласно годишниот извештај. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година**, која е прилог на овој записник.---------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Се премина на точка **2.Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот**.

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година од април 2022 година, кој е прилог на овој записник и предложената Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2021 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2021 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2021 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно**, која е прилог на овој записник.

Се премина на точка **3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, со Предлог Одлука за усвојување**.

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Годишната сметка на ден 31.12.2021 година (Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на состојба) и Предлог Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, па по истите отвори дискусија. За збор се јави Васко Богдановски –полномошник на Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управува со акционерите Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, кој истакна дека за прв пат кога цело време има раст, ова е прва година каде што растот е намален и генерално така ќе се продолжело, ако не била исправката на вредноста, па праша дали е причината некој еднократен настан, дали е некој голем кредит на едно лице, или со повеќе физички лица и што да се очекува во наредните години. На ова прашање одговор даде Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје, кој истакна дека Банката беше под влијание на пост Ковид кризата од 2020 година и тоа беше очекувано, но истата нема поголеми кредитни изложености и се работи за очекувани ефекти во секторот население пред се поради Ковид кризата, со влошување на макро-економските показатели.Во Буџетот за 2021 година се направија некои проекции за поголем раст, но очекувавме и дека мерките ќе бидат порано прекинати, но тие знаете дека беа продолжени. Политиката на банката во тој период беше дефанзивна, не беше офанзивна, во смисла да се наметнуваме, се додека не се расчисти макро-економската слика. Порастот на капиталот беше стабилен, што за акционерите е многу важно, така што во иднина фокусот е структурата на капиталот да се заштити и да се генерира профит на банката. Па, така се подобруваме во начинот на размислување интерно во банката и се прават соодветни промени кога се има нужда во

самите продукти, во структурата на кредитното портфолио, да бидеме по ефикасни и да се насочиме во оние сектори на кредитирање каде има најдобар баланс помеѓу приходот, ризикот и трошоците на кредитирање. Но, не секогаш перфомансот на кредитното портфолио треба да се гледа само од аспект на највисока или најниска камата. Цените на банката не се променети и се трудиме да го зголемиме пазарниот удел, но не по секоја цена, не со преземни ризици кои би имале лош ефект врз банката. За збор се јави акционерот Благој Митров која праша, кој се шансите имотот кој е превземен од хипотека да се валоризира односно наплати во иднина и со кој процент и дали тоа е голем имот. На ова прашање одговор даде Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје, кој истакна дека тој имот е минимален и во 2021 година изнесува околу еден милион евра, што не е многу. Стратегијата на банката е секогаш да не го задржува имотот, него колку по брзо е да се ослободи од тој имот. Тој имот се евидентира во билансите, се одзема од капиталот на банката, а капиталот треба да го користиме, банката нема интерес да го држи тој имот, а и регулативата на Народната банка тоа не го дозволува, така што за правата година имотот се амортизира за 20%, а по истекот на 5-та година целосно се отпишува истиот, така што стратегијата на банката е што по брзо да се ослободиме од имотот. Во поглед на наплата на побарувањата исто така сме многу задоволни, така што во изминатиот период банката имаше неколку продажби една поголема со 5 милиони во номинала од кои една половина беа отпишани изложености и други помали продажби. Банката склучува договори со финансиското друштво Матрикс за продажба на ненаплатливи побарувања, за добра цена и на тој начин се ослободува капитал, така што фокусот на банката е во кредитирање, тоа што најдобро го правиме и така побрзо ги решаваме проблемите. За збор се јави акционерот Игор Мишевски кој побара објаснување што претставуваат во вонбилансните ставки неискористените кредитни линии. Збор зема Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје кој објасни дека тоа се најчесто овер драфт кредитите или рамковни кредити, дадени на правните лица кој во искажаниот процент и со датумот на пресек, не се искористени од нивна страна. Како никој друг не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година**, која е прилог на овој записник.----------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **4.Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**.-----------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. За збор се јави акционерот Гоце Марковски и истакна дека врз основа на извештајот и согласно идните показатели за развој на банката се предлага дивидендата од 120 милиони денари да се распредали со дополнителна одлука. Па праша кои се плановите околу тоа, со оглед на тоа што и на минатогодишното собрание за тоа се дискутирало и имало подделено мислење, па смета дека треба да се упати еден сигнал до акционерите, клиентите на банката и граѓаните, дека банката е во добра кондиција и состојба, со исплатата на дивидендата која што според него не би требало да биде многу висока и праша кои се плановите на доминатните акционери и кои се размислувањата на менаџментот на банката во тој правец. Збор зема Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје кој објасни дека подолго време има сигнали од доминатните акционери за распределба на дивидендата посебно последните неколку --------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

години кога банката оствари добивка реалтивно на највисоко ниво во банкарскиот систем и дојде моментот кога Управниот одбор во предлог Буџетот за 2021 предложи дел од добивката да се распредели, што беше за прв пат.Одлуката на Управниот одбор беше изготвена со направени анализи со цел да се најде баланс помеѓу порастот на профитабилноста и зашитата на адекватноста на капиталот, затоа што не се сака да се предложи нешто со кое би се загрозила адекватноста на капиталот на банката. Во суштина тоа е планот, само е техника како таа ќе се спроведе. Но, познато е дека Народна банка пред еднаипол година имаше донесено привремена мерка со која препорача да не се врши распределба на дивидената во банкарскиот сектор. Народна банка се уште е ригидна во однос на исплата на дивидендата во банкарскиот сектор, се со цел да не има негативно влијание врз стабилноста и перфомансите врз институциите, па затоа е и таква одлуката. Нашата желба е ставена во бизнис планот-бизнис стратегијата на банката и тука ништо не е инпровизирано. 100% е желбата тоа да се случи, што е добро за репутацијата на банката, но со еден балансиран начин, да не се хендикепира бизнис потенцијалот. За збор се јави акционерот Александар Талимџиоски, кој праша дали тоа ќе се случи летово или есенва, на што Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје објасни дека геополитичтата ситуација која се отвори, не прави услуга во тој контекст, тука е и строгоста на Народната банка, а нормално е што истата сака да сме повнимателни и истата да види дека се е во ред пред истата одлука да се финализира. Сепак Народната банка има добра намера и волја и не се очекува да има проблем. За збор се јави Васко Богдановски – полномошник на Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управува со акционерите Отворен задолжотелен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус, кој истакна дека на 27-та страница од Извештајот генерално е прикажана адекватноста на капиталот на банката, каде што јасна е интенцијата од она што до сега се елаболираше. Генарално со вклучување на добивката од 2021 година, ќе се стигне на 18.48% и на таа сума при распределба ќе се стигне на 17,42%, па праша дали на еден начин оваа одлука е поврзана со издавањето на препетуалната обврзница или нема некоја директна конекција. Збор зема Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје кој објасни дека има конекција и тоа е сигурно, затоа што издавањето на обврзницата го зајакнува капиталот и го компензира ефектот од дивидендата, но треба да се има предвид дека законски пропишано минимално ниво во моментот е 14,5. Стратегија е на банката е да го подржува тоа мининално ниво, за секој случај и да биде банката спремна за непредвидени ситуации, а со тоа истата да биде спокојна. Банката нема да се изложи на ризик со кој ќе го загрози потенцијатот за бизнис. За збор повторно се јави Васко Богдановски – полномошник на Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управува со акционерите Отворен задолжотелен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доборoволен пензиски фонд Сава пензија плус, кој истакна дека доколку 120 милиони би се поделиле на бројот на акции би се добиле 220 бруто и 200 нето, па праша дали тоа акционерите би можеле да го поврзат како предвидливост. Збор зема Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје кој објасни дека би требало малку повеќе да се изгради традиција во тој контекст, до сега главни параметри се висината на адекватноста на капиталот и порастот на профитот, но тука по него влегуваат и повеќе други параметри. По исцрпната дискусија, како друг не се јави за збор, Претседавачот Предлог одлуката за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година**, која е прилог на овој записник.------------------------------------------

---

Се премина на точка **5.Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година од Друштвото за**

---

---

**ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор**.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021 година (според методолигијата на НБРСМ) од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје од април 2022 година, со писмено Мислење за извештај на Друштвото за ревизија од страна на Надзорниот одбор од 29.04.2022 година, кои се прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје**, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **6.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година**.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за избор на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година е составен дел на материјалите на оваа седница, така што се предлага Друштво за ревизија за 2022 година да биде Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за избор на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Друштво за ревизија,** кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **7.Предлог Одлука за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница**.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. За збор се јави акционерот Гоце Маркоски кој праша кои се плановите од издадената перпертуална обврзница, затоа што се плаќа 9% годишна стапка што изнсува 27 милиони денари годишно, што не е така висока каматна стапка со оглед на тоа што се сменија околностите и каматните стапки сега се покачија. Збор зема Г-дин Владислав Хаџидинев-Извршниот директор на УНИ Банка АД Скопје кој објасни дека кога била издадена перпертуалната---

---

обврзница таа си имала коопција на 5-та година, а ако не се искористи коопцијата од страна на банката каматната стапка на перпертуалната обврзница од 9% се зголемува на 11% и тогаш се претвара буквално во перпертуалната обврзница, а коопцијата ни дава за право да го доспееме инструментот. Од секогаш интенцијата на банката е во 5-та годинина таа да се откупи и да не се чека последниот момент. Дел од политиката на издавањето на капиталните буфери и сега на дополнителната обврзница, е се добро да се испланира, да не се чека последниот момент, затоа што не се може да се предвидат каматните стапки и сега со издавањето на новата обврзница на 5% камата и старата на 9% камата, треба банката да е подготвена, да не има некој шок за банката, затоа што не се знае наредната година какви ќе бидат каматните стапки. Како никој друг не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница**, која е прилог на овој записник.-----------------------------------------------

Се премина на точка **8. Предлог Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда**.------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на собрание на акционери е Предлог Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (втора емисија на Перпетуални обврзници), па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за издавање на капитален инструмент по на приватна понуда (втора емисија на Перпетуални обврзници), ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 441.051 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (втора емисија на Перпетуални обврзници)**, која е прилог на овој записник.---------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и ја затвори Редовната годишна седница на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.-----------------------------------

Редовната годишна седница на собрание на акционери заврши во 11:43 часот (единаесет часотичетириесети триминути).-----------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив на единаесет страници, од единаесет листа, го следев целокупниот тек на Редовната годишна седница на Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.-----------------------------

**<u>Претседавач</u> на Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** ---------------------------------------------

_______________________________с.р.---------------------------------------------

**Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија**.---------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
При составување на овој записник издадени се изводи и тоа еден за учесникот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со сите прилози кон овој записник и еден без прилози кон овој записник, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, со сите прилози кон овој записник , а изворникот се чува во архивот на Нотарот.----------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарска награда согласно член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци, согласно член 52 од Нотарската тарифа во износ од *990,оо* денари.------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ.бр.279/22**----------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2022.05.31-Двеиљадитаидваесетивтора година, месец мај, ден триесетипрви.------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**Нада Палиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
НАДА
ПАЛИК
СКОПЈЕ

**Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ**

ул. Пролет бр. 35А Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого не се приложени - се приложени ___ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 279/22

Во Скопје 31.05 2022 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
За подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ